ВЕЧЕРВА ВО ШТИПСКИ ТЕАТАР

# Премиера на "Жените на Цејк" на Никола Ристов

Во Штипскиот театар, вечерва во 21 часот, премиерно ќе се изведе претставата "Жените на Цејк" по текст на Нил Сајмон, во режија на Никола Ристов.

"Претставата е психолошка драма, и во голема мера го отсликува животот на Сајмон, затоа дури се смета дека е автобиографски. Претставата



Претставата е психолошка драма со многу енергија . - Никола Ристов

има многу енергија и заедно со фактот дека е автобиографска, ја прави пореална и поблиска до публиката. Се зборува за Цејк , кој е постојано на сцена и шест жени кои доаѓаат и си одат од неговиот живот", ни рече режисерот и додава дека најтешка работа имал актерот Миле Вртелски кој го игра Цејк, затоа што морал да се справи со шест жени, и освен физички, одлично го поднел тоа и психички.

Играат и: Данче Тодорова, Валентина Ѓорѓиева, Ангелка Арсова, Марија Минчева, Елена Арсова и гостинската од Велешкиот театар Слободанка Чичевска.

Сценографијата е на режисерот, а костимите на дизајнерката Маја Кикириткова.

*(Б.Н.)*

ЗАВРШУВААТ ПОДГОТОВКИТЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА ЗА ПРВИОТ ЕТНОГРАД НА БАЛКАНОТ

# Почнува културно-туристичкото востание во Крушево

Внедела во Крушево за прв пат ќе се отвори амбициозно замислената манифестација "Крушево етноград", проект со кој се сака овој наш познат историски и потенцијален туристички центар повторно да заживее и да стане прв етноград во Европа. Манифестацијата која всушност ќе биде една претстава под отворено небо, ќе го врати Крушево во 1903 година, а почетокот в недела е закажан во 18 часот пред споменикот Илинден од каде ќе тргне голема парада на преку 800 учесници. Манифестацијата има за основна цел, во следните 10 години да го развие туризмот во највисокото гратче на Балканот.



Комитските чети ќе парадираат низ градот во текот на целата манифестација до крајот на август

Идејата и реализацијата на овој проект е на Ранко Петровиќ - Бубамара, кој вели дека на парадата ќе учествуваат културно-уметнички друштва од Македонија, хористи, естрадни и јавни личности..., а сите учесници ќе бидат облечени во комитски, турски и народни носии. "Посетителите ќе можат првпат да го почувствуваат Крушево како во 1903 година, вели идеологот на првото културно-туристичко востание Ранко Бубамара, кој ни нагласи дека ова е голема шанса за Крушево, дека имаат поддршка од неговите граѓани и од угостителите и дека очекуваат и се надеваат на поголема поддршка од стопанствениците.

Проектот е финансиран и од Министерството за култура со 25.000 евра , а го организираат Историски музеј Крушево, помогнато од Илинденски денови. Манифестацијата ќе трае до крајот на август со бројни туристички и културни содржини. *(Д.С.)*

# Турскиот етномузичар Латиф Болат вечерва на Бит фест

Турскиот пејач, композитор и професор по музика Латиф Болат, вечерва во 21 ч., ќе одржи концерт во "Пацио" во Битола како дел од Битолското културно лето Бит фест. Концертот на Болат организаторот го најавува како еден од поголемите настани на годинашново издание на фестивалот со оглед на светската кариера и достигнувањата на турскиот музичар.

Латиф Болат моментално живее во Америка каде што ужива репутација на најистакнат турски музичар во државата. Со широк репертоар кој вклучува песни во класичен, традиционален и "суфи мистицизам" музички стил, Болат своето пеење го придружува со баглема, традиционален жичан инструмент и други инструменти од турскиот фолклор (уд, канун). Работел музика за повеќе филмови и досега настапувал на сите фестивали за духовна или традиционална музика во светот.

*(И.И.)*

